Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и дванаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 20 декември 2022 година**

**Скопје, декември 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и дванаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 декември 2022 година**

Седницата започна во 15:20 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија,како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија,м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа,д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање,м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрацијаи д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваа и Снежана Наџаковска и Ирена Јованова-Поповска, државни советници во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваше им-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата присуствуваа и Душко Арсовски и Муамет Хоџа портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда иЉупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на Записникот од 103-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 ноември 2022 година**

1. Информација за отпочнување на процес за усогласување на националните процедури за стабилизација и реконструкција со НАТО стандардите

2. Предлог-одлука за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Јужноафриканската Република

3. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот јули-септември 2022 година

4. Информација за усвојување на насоките за управување со примени дарови и други погодности, во насока на исполнување на препораките одПеттиот круг на евалуација на ГРЕКО, со Прилог-насоки

5. Кадровски прашања

6. Прашања и предлози

7. Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа и финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлука

8. Барање за овластување за изработка на одликувања, со Предлог-одлука

9. Информација во врска со одобрување на финансиски средства на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје согласно Одлуката за постоење кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41-7438/1 од 25.8.2022 година, со Предлог-одлука

10. Предлог на закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за оперативните активности спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Северна Македонија

11. Предлог-програма за изменување на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2022 година

12. Информација во врска со Националниот енергетски акциски план на Северна Македонија за 2022-2023 година за справување со енергетската криза, со текст на Национален енергетски акциски план

13. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, ставка 464-Разни трансфери во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2022 година

14. Предлог-програма за изменување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството

15. Предлог-програма за изменување на Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2022 година

16. Информација за меморијалните споменици и спомен-обележјата од Народно-ослободителната борба

17.Информација за одржување Собир на содружници на Друштвото за производство, трговија и услуги Агрокомбинат Македонија ДОО Скопје, закажан за 26.12.2022 година

18. Предлог-одлука за задолжување на Општина Гевгелија со долгорочен кредит кај Комерцијална банка АД Скопје

19. Информација за 180-та седница на Одборот на директори на Претпријатието за Нафтовод Солун – Скопје – Вардакс АД закажана за 21 декември 2022 година

20. Информација за склучување на Договорот за финансирање меѓу Владата на Република Северна Македонија и Програмата за развој на Обединетите нации во врска со Глобалниот заеднички фонд за целите за одржлив развој при Обединетите нации, со усогласен текст на Договор

21. Информација во врска со резултатите и препораките од Физибилити студијата на Француската агенција за развој (АФД) и доставената понуда со предлог-услови

22. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година

23. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2022 година

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за автопатско решение за Миладиновци-Свети Николе-Штип, делница Миладиновци-Свети Николе за проширување на изградени косини од км 10+160,00 до км 11+600,00 КО Катлановска Сушица, Општина Гази Баба, со Предлог – одлука

25. Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот ,,Пасивер“, Општина Чучер Сандево на Друштвото за трговија и услуги Промет стеел холдинг ДОО Скопје

26.Информација за проблемот со електричната енергија за работа на пречистителната станица за шестовалентен хром во Јегуновце

27. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година

28. Предлог-програма за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2022 година

29. Информација за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари без надомест во државна сопственост (компјутери), со предлог-одлуки (8)

30. Предлог-програма за изменување на Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2022 година

31. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година (за изградба на Домот на култура во Општина Сарај)

32. Предлог-одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2023 година

33. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година (за изработка на проектна документација за Културен дом во Чегране, Општина Гостивар)

34. Информација за реализација на проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2023 година

35. Информација за Предлог -листата на супстанции и производи кои се забранети за употреба кај животните чии производи се употребуваат во исхраната на луѓето, со Предлог-одлука

36. Предлог-одлука за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации

37. Предлог на закон за изменување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, по скратена постапка

38. Предлог на закон за изменување на Законот за вработување на инвалидни лица,по скратена постапка

39. Информација за исплата на пензии за декември 2022 година

*

* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 ноември 2022 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување на процес за усогласување на националните процедури за стабилизација и реконструкција со НАТО стандардите и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи да подготви и до Владата да достави нова одлука за формирање Меѓуресорска комисија за спроведување на политиката за упатување на лица од Република Северна Македонија во меѓународни мисии и меѓународни организации и за упатување на лица во мисии и меѓународни организации, најдоцна до 31 декември 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за одбрана, во периодот до надминување на предизвиците со Законот за упатување лица во меѓународни мисии и меѓународни организации, да ја ажурира базата на експерти од областа на одбраната, согласно барањата и роковите дадени во Целите на способности 2021 година, со цел да се започне процес на нивна селекција, избор и обука, најдоцна до 1 март 2023 година, а во насока на нивна подготвеност до крајот на 2027 година. Во оваа база да се вклучат и експерти од Министерството за внатрешни работи, а согласно потребите и експерти од други области.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи, најдоцна до 31 март 2023 година, да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за упатување лица во меѓународни мисии и меѓународни организации.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Јужноафриканската Република.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот јули-септември 2022 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за надворешни работи, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за транспорт и врски, Министерството за информатичко општество и администрација, Агенцијата за млади и спорт, Агенцијата за катастар на недвижности и Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија, а се укажува на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, ЈРП Национална радио – телевизија-Скопје и Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, во рок од пет дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од страна на Народниот правобранител во текот на јули, август и септември 2022 година, по кои сè уште не постапиле и за тоа во рок од пет дена да ги известат Народниот правобранител и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2.Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да доставуваат суштински одговори до Народниот правобранител, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на насоките за управување со примени дарови и други погодности, во насока на исполнување на препораките од Петтиот круг на евалуација на ГРЕКО, со Прилог-насоки и притоа заклучи да се направи компаративна анализа со некоја држава/држави членка/членки на Европската Унија, каде се применуваат вакви насоки со искуства од истите и материјалот повторно да се разгледа на седница на Владата.

## Точка 5

1. Владата ја разреши Јулијана Андонова од должноста член на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, на нејзино барање.

1.1. Владата ја именува Анита Стојческа за член на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, на предлог на директорот на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија.

2. Владата го разреши проф.д-р Боро Јакимовски од должноста член на Управниот одбор на Македонската академска истражувачка мрежа (МАРнет), на негово барање, поради постоење состојба на судир на интереси.

2.1. Владата го именува проф.д-р Иван Чорбев, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инжинерство при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, за член на Управниот одбор на Македонската академска истражувачка мрежа (МАРнет), на предлог на Интеруниверзитетска конференција на државните универзитети во Република Северна Македонија.

3. Владата го именува Никица Бачовски за вршител на должноста директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, досегашен вршител на должноста директор на Агенцијата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на платата.

4. Владата од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Неготино, поради истек на мандатот, ги разреши:
- Билјана Најдова,
- Диме Цветков и
- Горан Алтанџиев.

4.1. Владата за членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Неготино, ги именува:
- Билјана Најдова,
- Диме Цветков и
- Горан Алтанџиев.

5. Владата го разреши Дејан Гаџовски од должноста член на Управниот одбор – претставник од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на Јавната установа Национален парк Галичица-Охрид, поради истек на мандатот.

5.1. Владата го именува Дејан Гаџовски за член на Управниот одбор-претставник од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на Јавната установа Национален парк Галичица-Охрид.

6. Владата ја разреши Милева Тагасовска од должноста член на Управниот одбор-претставник од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на Јавната установа Национален парк Пелистер-Битола, поради истек на мандатот.

6.1. Владата ја именува Милева Тагасовска за член на Управниот одбор – претставник од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на Јавната установа Национален парк Пелистер-Битола.

7. Владата од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „д-р Русе Бошковски“- Ростуше, поради истек на мандатот, ги разреши:
- Икмет Ејупи и
- Арбен Мирто.

7.1. Владата за членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „д-р Русе Бошковски“- Ростуше, ги именува:
- Медат Арслани и
- Арбен Мирто.

8. Владата ја разреши Весна Темелковска од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија-Скопје, поради истек на мандатот.

8.1. Владата ја именува Весна Темелковска за член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија-Скопје.

**Точка 6**

**1.** Владата ги разгледа Барањата во врска со проекти што треба да се финансираат со распределба на средства со капитални дотации до единиците на локалната самоуправа од буџетот на Министерството за транспорт и врски и притоа заклучи:

- Се задолжува Министерството за транспорт и врски средствата утврдени во раздел 130.01-МТВ, програма 2-сообраќај и комуникации, потпрограма 20 сообраќај и комуникации, ставка 488 капитални дотации до ЕЛС во износ од 427.000.000,00 денари, согласно доставените барања од единиците за локална самоуправа, да ги распредели за реализација на следните проекти:

-На Град Скопје, за реализација на проектот за целосна изградба на Јужен коридор, како булеварско решение со кружни текови, како и целосна изградба на булевар АСНОМ во износ од 240.000.000,00 денари и за реализација на проектот-Клучка „Момин Поток“ во износ од 77.000.000,00 денари;

-На Општина Студеничани, за реализација на Проект за водоснабдување за населените места во Општина Студеничани, од Кадина Река во износ од 15.000.000,00 денари;
-На Општина Валандово, за реализација на проект „Уредување на патна инфраструктура во индустриска зона Раброво, Општина Валандово, во износ од 6.000.000,00 денари;

-На Општина Делчево, за реализација на проект-Локален пат Л14 Делчево – с. Стамер во износ од 5.800.000, 00 денари;

-На Општина Желино,  за реализација на проект „Реконструкција на локален пат с. Луковица во м.в Крстец во износ од 15.000.000,00 денари;

-На Општина Крива Паланка во износ од 15.000.000,00 денари за реконструкција на улиците

- Ул. „17 -та Македонска ударна бригада“
- Ул. „Наско Тамбурков“
- Ул. „3-та Македонска ударна бригада“
- Ул. „Ѓорче Петров“
- Ул. „Димитар Влахов“
- Ул. „Момир Стојановски“
- Ул. „Чупино Брдо“

-На Општина Маврово и Ростуше, за уредување на паркинг простор во с. Скудриње во износ од  15.000.000,00 денари;

-На Општина Пробиштип за реконструкција на улица „Македонски револуционер“ во износ од 17.000.000,00 денари и

-На Општина Крушево, за реализација на проект „Реконструкција и доградба на постоен пат од м.в Порта до м.в Мечкин Камен, Општина Крушево“, во износ од 20.700.000,00 денари.

**2.**Владата ја донесе Одлуката за исплата на средства (на Друштвото за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје).

**3.**Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

**4.**Владата заклучи:

1. Се задолжуваат сите министерства и буџетски корисници, јавни претпријатија основани од државата, агенции, фондови и акционерски друштва во државна сопственост, веднаш по донесување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, а најдоцна до 10.1.2023 година да ги достават предлог – програмите (финансиски планови, инвестициони програми, програми за работа), за користење на средства за 2023 година кои произлегуваат од материјалните закони.

2. Предлог-програмите треба да содржат табеларни информации, согласно урнеците кои се составен дел на овој заклучок.

3. Предлог-програмите да се разгледаат на седница на Генералниот колегиум на државни секретари и работните тела на Владата, најдоцна до 31.1.2023 година.

4. Пред доставување до Владата, предлог-програмите за 2023 година, да бидат усвоени и/или одобрени од органите на управување во надлежните институции, по претходно добиени мислења од Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, како и од другите ресорно надлежни институции.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на

продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 8 декември 2022 година до 14 декември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата го одложи разгледувањето на Известувањето од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија за доставеното Барање со бр.03-241/1 од 2.11.2022 година, од ДПТУ Концепт кафе ДООЕЛ увоз-извоз Струмица.

**7.** Владата го одложи од разгледување Произнесувањето по заклучок во врска со Информација за извршен инспекциски надзор при ставање во промет на УХТ млеко.

**8.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 8 декември 2022 година до 14 декември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**9.** Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година (за финансирање на водоснабдителните системи на Општина Липково)

**10.** Владата го одложи од разгледување Известувањето од Национална федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Северна Македонија-Параолимписки комитет на Северна Македонија, за наредната седница на Владата.

**11.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 8 декември 2022 година до 14 декември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**12.** Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

**Точка 7**

Владата по Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа и финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2022 година,со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за

работа и финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2022 година.

**Точка 8**

Владата го разгледа Барањето за овластување за изработка на одликувања, со Предлог-одлука, го усвои Барањето и ја донесе Одлуката за овластување на организација за изработка на одликувања на Република Северна Македонија.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одобрување на финансиски средства на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје согласно Одлуката за постоење кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41-7438/1 од 25.8.2022 година и ја усвои Информацијата, со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдување со електрична енергија.

2. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да достави извештај за трошењето на добиените средства од страна на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 10**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за оперативните активности спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Северна Македонија, го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Снежана Петровиќ-Арсовска, помошник на министерот за внатрешни работи и Џенк Сејфула, директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 11**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2022 година.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Националниот енергетски акциски план на Северна Македонија за 2022-2023 година за справување со енергетската криза, со текст на Национален енергетски акциски план и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријат за законодавство):

1.Условно го прифати Националниот енергетски акциски план на Република Северна Македонија за 2022-2023 година за справување со енергетската криза, доколку истиот

се усогласи со Министерството за труд и социјална политика и Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за финансии-Управа за јавни приходи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за здравство, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владатана Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, а се препорачува на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, ЕСМ Продажба ДООЕЛ, Скопје,Регулаторната комисија за енергетика и водни услугина Република Северна Македонија, Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје,Националниот оператор на пазар на електричнаенергија-МЕМО ДООЕЛ Скопје иОператорот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје во рок од три дена да назначат лица за контакт (име, презиме и контакт информации) кои ќе ги доставуваат потребните податоци за следење на исполнувањата на мерките и целите од Националниот енергетски акциски планна Република Северна Македонија за 2022-2023 година за справување со енергетската криза до Министерството за економија.

3.Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за финансии- Управа за јавни приходи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство,Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владатана Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, а се препорачува на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија,Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, Регулаторната комисија за енергетика и водни услугина Република Северна Македонија, Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, ЕСМ ПродажбаДООЕЛ, Скопје, Националниот оператор на пазар на електричнаенергија-МЕМО ДООЕЛ Скопје иОператорот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје секој од аспект на нивните надлежности, започнувајќи од февруари 2023 година да доставуваат извештај до Министерството за економија најдоцна до 15-ти во тековниот месец, за претходниот месец, со цел утврдување на исполнетоста на мерките и целите од Националниот енергетски акциски план на Република Северна Македонија за 2022-2023 година за справување со енергетската криза.

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства обезбедени во потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, ставка 464-Разни трансфери во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2022 година.

**Точка 14**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството.

**Точка 15**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2022 година.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за меморијалните споменици и спомен-обележјата од Народно-ослободителната борба и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура во годишните програми за работа на националните установи од областа на заштитата на културното наследство за 2023 година, да утврди активност за вршење на увиди и преземање на мерки за санација.

2. Се задолжува Министерството за култура, до 31 јануари 2023 година, да склучи договори/меморандуми за соработка со општините за санација на спомен-обележјата со кои се одбележуваат личности и настани од Народно- ослободителната војна кои согласно Законот за меморијални споменици и спомен-обележја се во надлежност на општините.

3. Се задолжува Министерството за култура, заклучно со 31 март 2023 година, да достави информација до Владата, во која ќе бидат утврдени потребните мерки и средства за санација на меморијалните споменици и спомен-обележја согласно извршените увиди од страна на националните установи задолжени за заштита на истите, согласно законот.

4. Се задолжува Министерството за култура за преземените мерки и активности за санација на меморијалните споменици и спомен-обележјата од Народно-ослободителната борба да доставува квартални информации до Владата.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување Собир на содружници на Друштвото за производство, трговија и услуги Агрокомбинат Македонија ДОО Скопје, закажан за 26.12.2022 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата во својство на свој полномошник и претставник на својот удел според податоците на Централен регистар на Република Северна Македонија, ја овласти Весна Јовановска-вработена во Министерството за економија, да присуствува на Собирот на содружници, закажан за 26.12.2022 година да гласа/се изјасни како што е утврдено во Заклучокот бр. 3.

2. Издаде полномошно во писмена форма и заверено на нотар, на овластеното лице, во кое е наведен обемот на овластувања.

3. Го одобри следниот начин на одлучување на Собирот на содружници:

3.1 Давање согласност за отуѓување на недвижен имот во Скопје: Предлог-одлука за отуѓување на недвижен имот во Скопје / да се гласа „Против"

3.2 Давање согласност за заложување на недвижен имот во Скопје: Предлог-одлука за заложување на недвижен имот во Скопје / да се гласа „Против"

4. Полномошникот на Владата да поднесе барање за свикување дополнителен Собир на содружници, со точки на Дневен ред:

-разгледување и усвојување на Годишната сметка и Годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределба на добивката и за покривање на загубите.

**Точка 18**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за задолжување на Општина Гевгелија со долгорочен кредит кај Комерцијална банка АД Скопје, поради потребата од дополнителни усогласувања.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за 180-та седница на Одборот на директори на Претпријатието за нафтовод Солун-Скопје-Вардакс АД, закажана за 21 декември 2022 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на друштвото Вардакс, Бобе Цецев по однос на точката под реден број 2, да биде ЗА Сертификација на нови мерачи во Терминална станица на Вардакс (VBO/OIC) во инсталациите на ОКТА.

2. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на друштвото Вардакс, Бобе Цецев по однос на точката под реден број 3, да биде ЗА Одобрување на трошоци за контрола и верификација на новиот систем за мерење на Вардакс (VBO/OIC).

3. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на друштвото Вардакс, Бобе Цецев по однос на точката под реден број 4, да биде ПРОТИВ Одобрување на трошоци за одржување на системот за мерење Вардакс-TIC во Солун.

4. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на друштвото Вардакс, Бобе Цецев по однос на точката под реден број 5, да биде ПРОТИВ Избор на изведувач за работите In Line Inspection (ILI).

5. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на друштвото Вардакс, Бобе Цецев по однос на точката под реден број 6, да биде ЗА Информирање за продолжувањето на Договорот со Друштвото ELKO-ING Dooel за одржување на електричната мрежа на вентилските станици во Република Северна Македонија.

6. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на друштвото Вардакс, Бобе Цецев по однос на точката под реден број 7, да биде ЗА Информирање за лиценцирање на оптичкиот кабел од страна на Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија.

7. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на друштвото Вардакс, Бобе Цецев по однос на точката под реден број 8, да биде ЗА Измена на Програмата за кредит со обврзници (услов 5.1) од 3.2.2020 година, издадена од Друштвото со заемодавач «HELLENiQ ENERGY Акционерско друштво со Учества».

8. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на друштвото Вардакс, Бобе Цецев по однос на точката под реден број 9, да биде ЗА Одобрување на банкарски трансфер во вкупен износ од 55.000 евра до банкарската сметка на подружницата на Друштвото (VARDAX BRANCH OFFICE) во Скопје.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Договорот за финансирање меѓу Владата на Република Северна Македонија и Програмата за развој на Обединетите нации во врска со Глобален заеднички фонд за целите за одржлив развој при Обединетите нации, со усогласен текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци :

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за финансирање меѓу Владата на Република Северна Македонија и Програмата за развој на Обединетите нации во врска со Глобален заеднички фонд за целите за одржлив развој при Обединетите нации.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да го потпише Договорот за финансирање меѓу Владата на Република Северна Македонија и Програмата за развој на Обединетите нации во врска со Глобален заеднички фонд за целите за одржлив развој при Обединетите нации.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со резултатите и препораките од Физибилити студијата на Француската агенција за развој (АФД) и доставената понуда со предлог-услови и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжуваат Министерството за финансии и Развојната банка на Северна Македонија да ги продолжат консултациите со Француската агенција за развој (АФД) за одобрување на кредитната линија.

**Точка 22**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година.

**Точка 23**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2022 година.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за автопатско решение за Миладиновци-Свети Николе-Штип, делница Миладиновци-Свети Николе за проширување на изградени косини од км 10+160,00 до км 11+600,00 КО Катлановска Сушица, Општина Гази Баба, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за автопатско решение за Миладиновци-Свети Николе-Штип, делница Миладиновци-Свети Николе за проширување на изградени косини од км 10+160,00 до км 11+600,00 КО Катлановска Сушица, Општина Гази Баба.

## Точка 25

Владата ја донесе Одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Пасивер“, Општина Чучер Сандево на Друштвото за трговија и услуги Промет стеел холдинг ДОО Скопје со заклучок текстот на Образложението да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за проблемот со електричната енергија за работа на пречистителната станица за шестовалентен хром во Јегуновце и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги плати трошоците за електрична енергија за работа на пречистителната станица, се до изнаоѓање на соодветно решение.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, итно да оствари средба со раководството на Југохром Алзар ДООЕЛ Јегуновце, АД МЕПСО во државна сопственост Скопје, Електродистрибуција Скопје за изнаоѓање на соодветно решение за електричната енергија на пречистителната станица во Југохром Алзар ДООЕЛ Јегуновце.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги обезбеди потребните финансиски средства во износ од 4.800.000,00 денари во рамките на сопствениот буџет за 2023 година.

## Точка 27

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

## Точка 28

Владата ја донесе Програма за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2022 година.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари без надомест во државна сопственост, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе:

- Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за управување со одземен имот.

- Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

-Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за финансии-Управа за финансиска полиција.

- Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за финансии-Управа за финансиско разузнавање.

- Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за финансии-Царинска управа.

- Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи.

- Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

- Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството.

**Точка 30**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2022 година.

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година (за изградба на Домот на култура во Општина Сарај).

**Точка 32**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2023 година и ја донесе Одлуката, со заклучок предлагачот електронски да ги прикачи усогласените текстови на Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија и кореспондентните табели со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година (за изработка на проектна документација за Културен дом во Чегране, Општина Гостивар).

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2023 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во рок од пет дена да донесе програма за шестдневен одмор на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за сезона зима 2023 година и процедура за реализација на Проектот за користење на услугата за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за време на зимскиот распуст, во учебната 2022/2023 година.

2.Се задолжува министерот за труд и социјална политика, во рок од седум дена да формира комисија за разгледување и рангирање на корисници на услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток, со претставници од Министерството за труд и социјална политика.

3.Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да објави повик на веб-страницата на Министерството за труд и социјална политика и во центрите за социјална работа, во декември 2022 година.

4.Се задолжува Министерството за труд и социјална политика по објавување на јавниот повик, во рок од пет дена, да им укаже на центрите за социјална работа да ги преземат потребните активности заради ефикасна реализација на овој проект.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-листата на супстанции и производи кои се забранети за употреба кај животните чии производи се употребуваат во исхраната на луѓето, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Листата на супстанции и производи кои се забранети за употреба кај животните чии производи се употребуваат во исхраната на луѓето (*), со заклучок Агенцијата за храна и ветеринарство да ги усогласи кореcподентните табели и Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 36**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации.

**Точка 37**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за труд и социјална политика да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Јехона Рамадани, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 38**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за вработување на инвалидни лица, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за труд и социјална политика да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за вработување на инвалидни лица, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Јехона Рамадани, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за декември 2022 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки, најдоцна до 26.12.2022 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со декемвриските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 27.12.2022 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:

- За пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 27.12.2022 година (вторник);

- За пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 28.12.2022 година (среда);

- За пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 29.12.2022 година (четврток) и

- За пензии со висина над 18.001 денари, исплатата да се изврши на 30.12.2022 година (петок).

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:30 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**